453 СКАОП

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19 и 110/19) и член 199 став 5 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 14/20), министерката за одбрана донесе:

# ПРАВИЛНИК

**за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на висина на плата, додатоци на плата и други надоместоци на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должности во командните структури на НАТО, дипломатско - конзуларните претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката**

Член 1

Во Правилникот за утврдување на висина на плата, додатоци на плата и други надоместоци на вработените во Министерството за одбрана и Армијата кои вршат должности во командните структури на НАТО, дипломатско - конзуларните претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката број 01-3787/1 од 19.06.2019 година, број 01-2223/1 од 22.04.2020 година, број 01-4920/1 од 22.07.2021 година и број 01-1172/1 од 16.02.2022 година, во членот 22, по ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

„Висината на надоместокот од став 1 и 2 од овој член се прилагодува согласно индексацијата на кириите за станови согласно одлуките на надлежните институции во земјата каде лицето е на служба.“

Ставот 3 станува став 4.

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се примени од 01.05.2022 година.

Број 01-1172/2

Датум 21-06-2022

**МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА**

**Славјанка Петровска**